ФРУКТАЛ МАК
Акционерско друштво за производство, преработка и конзервирање на овошје и зеленчук
Бр. 03-259 14.03. 2003 год.
с. Моране - Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД
И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
- Државен инспекторат за труд -
СКОПЈЕ - КИСЕЛА ВОДА 07-1635/3
01.11.2002 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 9а од Законот за заштита при работа ("Службен весник на РМ",број 13/98, 21/98 и 33/2000), член 9 од Законот за вршење на занаетчиската дејност ("Службен весник на РМ, број 37/98), член 443 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на РМ", број 28/96 и 7/97), а во согласност со член 202 од Законот за општата управна постапка, по барање на **а.д.п.п.к.о.з. ФРУКТАЛ МАК с. Моране Скопје** од **СКОПЈЕ** УП.број **07-1635/1** од **24.10.2002** година, Државниот инспектор на труд го донесе следново

РЕШЕНИЕ

СЕ УТВРДУВА дека работните и помошните простории и орудијата за работа наменети за обавување на занаетчиската дејност **- производство на сокови од овошје и зеленчук,** ГИ ИСПОЛНУВААТ мерките, нормативите и стандардите за заштита при работа.

Образложение

Подносителот на барањето **а.д.п.п.к.о.з. ФРУКТАЛ МАК с. Моране Скопје** со седиште на улица **с.Моране - Скопје** во **СКОПЈЕ,** поднесе барање до овој орган заведено под УП.број **07-1635/1** за добивање на решение за исполнети мерки, нормативи и стандарди за заштита при работа за работните и помошните простории и орудијата за работа кои се наоѓаат на улица **с.Моране - Скопје** во **СКОПЈЕ,**
наменети за вршење на занаетчиската дејност.

Државниот инспектор на труд, постапувајќи по барањето, на ден 31.10.2002 г. изврши увид на лице место и со Записник УП.број 07-1635/2 констатира дека работниот простор кој се состои од: 2 производни хали, магацин за репро материјали, магацин за готови производи и административен објект со вкупна површина од 11534 метри квадратни, од кои слободна површина од / метри квадратни, висина од 4.00 - 6.00 метри, слободен воздушен простор од / метри кубни, со 1 санитарен чвор за жени во производниот дел со 2 ВЦ, 3 мијалника, 1 бања и гардероба како и 1 санитарен чвор за мажи во производниот дел со 2 ВЦ, 3 мијалника, 1 бања и гардероба (за 12 вработени) како и 1 санитарен чвор со 2 ВЦ и 2 мијалника на галеријата во производната хала за техничкиот персонал (за 6 вработени) и 1 санитарен чвор со 2 ВЦ и 2 мијалника за мажи и жени во административниот објект, согласно Правилникот за општите мерки за заштита при работа за работни и помошни простории и простории("Службен весник на СРМ",број 31/89, 36/89 и 35/93), Правилникот за мерките и нормативите за заштита при

работа на орадијата за работа ("Службен лист на СФРЈ", број 18/91), ги исполнуваат пропишаните мерки, нормативи и стандарди за заштита при работа.

Решено во Државниот инспекторат за труд **СКОПЈЕ - КИСЕЛА ВОДА** на ден **01.11.2002** под Уп.број **07-1635/3**

Таксата по тарифен број 1 и 31 од Законот за административни такси во висина од 450 денари е наплатена.

ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 8 дена од денот на добивањето на решението преку овој орган до министерот за труд и социјална политика.

Жалбата се таксира со 200 денари административни такси согласно Законот за административни такси (тарифен број 2).

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР ЗА ТРУД

ЈОСИФ ПЕРЧИНКОВ